# „Возвишениот Аллах вели: ‚За Моите добри робови подготвив нешто што ниту око видело, ниту уво чуло, ниту некому некогаш му дошло на ум.‘“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Возвишениот Аллах вели: ‚За Моите добри робови подготвив нешто што ниту око видело, ниту уво чуло, ниту некому некогаш му дошло на ум.‘“ Ебу Хурејре потоа рече: „Ако сакате, цитирајте го ајетот: ‚И никој не знае какви, како награда за тоа што го правеле, скриени радости ги очекуваат.‘“ (Ес-Сеџде, 17)

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека Возвишениот Аллах рекол: „За Моите добри робови во Џенетот подготвив почест каква што окото не видело, увото не чуло, и никогаш на такво нешто не помислил умот на ниту еден човек.“ Потоа Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, рече: Ако сакате, (доказ) прочитајте го ајетот: „И никој не знае какви, како награда за тоа што го правеле, скриени радости ги очекуваат.“ (Ес-Сеџда, 17)

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10404